Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Комисија за заштита на конкуренцијата
Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës
Комисија за одлучување по прекршок
Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 01-04-2026
Орг.Един. / Nj. Org.: 09-66/1
Број: / Numri
Прилог: / Shtojce
Вредност: / Vlerë:

УПРЖ.бр.168/2025

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВИШ УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT GJYKATA E LARTË ADMINISTRATIVE SHKUP

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД во совет составен од судиите: Виолета Илиевска - претседател на советот, м-р Емрије Зубери Амити и Светлана Костова- членови на советот, со записничар Мартин Толев - помлад судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот Приватна здравствена установа-Лабараторија за молекуларна дијагностика ЛАОР Тетово, изјавена преку полномошник Адвокат Трајче Саздов од Скопје, против Пресудата на Управниот суд УПРК.бр.3/2025 од 10.06.2025 година, за прекршок, на седницата на советот одржана на ден 14.01.2026 година, донесе:

# П Р Е С У Д А

Жалбата на тужителот Приватна здравствена установа-Лабараторија за молекуларна дијагностика ЛАОР Тетово, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд УПРК.бр.3/2025 од 10.06.2025 година, СЕ ПОТВРДУВА.

## О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда УПРК.бр.3/2025 од 10.06.2025 година, тужбата на тужителот на Приватна здравствена установа-Лабараторија за молекуларна дијагностика ЛАОР Тетово, поднесена против Решението ПП бр 09-6/4 од 05.03.2025 година на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, ја одбил како неоснована. Истовремено судот со решение барањето на тужителот за надомест на трошоците по постапката го одбил како неосновано.

Против пресудата на Управниот суд во законски предвидениот рок жалба изјави тужителот преку својот полномошник поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право со предлог Вишиот управен суд жалбата на тужителот да ја уважи, пресудата да ја преиначи на начин што тужбата на тужителот се уважи и оспореното решение се поништи.

Во одговор на жалба тужениот орган наведе дека пресудата на Управниот суд е законита и прдложи жалбата на тужителот да се одбие како неоснована.

Вишиот управен суд, по проучување на списите по предметот, ценејќи ги наводите во жалбата и одговорот на жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 79 став 1 од Законот за управните спорови, најде:

Жалбата на тужителот е неоснована.

Вишиот управен суд најде дека Управниот суд по одржана јавна расправа на која ги извел предложените докази утврдил дека Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата со допис ПП.бр.09-40/1 од 03.11.2022 година до тужениот орган доставил Барање по службена должност да поведе прекршочна постапка против ПЗУ-Лабораторија за молекуларна дијагностика „Лаор“ Тетово, заради доставување на нецелосни податоци при постапување по Заклучок ПП.бр.07-29/2 од 03.03.2022 година на генералниот секретар, а во смисла на член 48 од Законот за заштита на конкуренцијата, што престатува прекршок од член 61 став 1 точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Имено, во барањето за поведување прекршочна постапка било образложено дека Генералниот секретар на Комисијата за Заштита на конкуренцијата согласно законските надлежности со Заклучок ПП.бр.07-29/2 од 03.03.2022 година, во точка 1 го задолжил ПЗУ-Лабораторија за молекуларна дијагностика „Лаор“ Тетово,да ги достави следните документи и податоци:-Податоци за вкупно направени тестирања на инфекција - од корона вирус Ковид-19 одделно по видови на тестови и одделно во 2020, 2021 година и за периодот јануари-февруари 2022 година; -Копија од сите донесени ценовници за тестирања на инфекција од корона вирус Ковид-19 од 2020 година наваму; -Вкупно остварени приходи од тестирања на инфекција од корона вирус Ковид-19 за 2020, 2021 година и за периодот јануари-февруари 2022 година одделно и одделно по видови на тестови; -Од кого се вршени набавките на тестовите за тестирања на инфекција од корона вирус Ковид-19. Во точка 2 е укажано дека целта на прибавувањеето на податоците е истражување и утврдување на состојбите на пазарот за давање на услуги на тестирање на инфекција за корона вирус КОВИД -19 во Република Северна Македонија. Во точка 3 органот го задолжил бараните податоци да се достават во рок од 15 дена од денот на приемот на заклучокот на Комисијата за заштита на конкуренцијата. Во точка 4 од Заклучокот е одлучено дека непостапувањето по точките 2 и 3 од овој заклучок или доставувањето на неточни, нецелосни или податоци кои можат да ја доведат во заблуда Комисијата за заштита на конкуренцијата или Комисијата за одлучување по прекршок повелекува одговорност за парекршок согласно член 61 став 1 точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата. Против овој заклучок не е дозволена посебна жалба согласно член 49 став 2 во врска со член 48 став 4 од Законот за заштита на конкуренцијата.

ПЗУ-Лабораторија за молекуларна дијагностика „Лаор“ Тетово, со допис бр.07-29/20 од 15.04.2022 година преку полномошник Адвокат Трајче Саздов од Скопје доставил одговор по однос на заклучокот во кој навел дека во делот на тестирања од корона вирус Ковид-19 по видови на тестови во 2020 година, 2021 година и за периодот 2022 година било потребно да се прецизира точниот тип на тестови кои се вршеле по барање на пациентите, а се поврзани со Ковид-19, кои можеле да бидат од различен тип, дека ПЗУ-Лабораторија за молекуларна дијагностика „Лаор“ Тетово, има донесено ценовници согласно кои ги пружа здравствените услуги и кои биле во согласност со позитивните законски прописи. Вкупно остварените приходи на тужителот биле јавни податоци кои можеле да се обезбедат од Централниот регистар, како и приходите остварени по однос на тестирањата за Ковид-19, но дека не постои можност да се одделат од причина што од страна на пациентите може да се вршат различни здравствени услуги и истите да се наплаќаат комлетно т.е групно, а тестовите за тестирање на инфекција од Ковид-19 ПЗУ-Лабораторија за молекуларна дијагностика „Лаор“ Тетово, ги набавувал од повеќето веледрогерии во РСМ.

Имајќи го во предвид ваквиот одговор органот утврдил дека ПЗУ-Лабораторија за молекуларна дијагностика „Лаор" Тетово, нецелосно одговорил по Заклучокот ПП.бр.07-29/2 од 03.03.2022 година со кој му било побарано доставување на бараните податоци. Дотолку повеќе што Генералниот секретар од повеќе од 15 субјекти ги побарал истите податоци со цел да го изврши наведеното истражување и целосно биле доставени бараните податоци од 15-тина здравствени установи кои вршат тестирања на инфекција од корона вирус Ковид-19. Со оглед на фактот дека ПЗУ-Лабораторија за молекуларна дијагностика „Лаор" Тетово, доставил нецелосни податоци во врска со заклучокот, на седница одржана на ден 02.02.2023 година, органот донел Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.09-9/1 со кој побарал ПЗУ-Лабораторија за молекуларна дијагностика „Лаор" Тетово, да достави извод од Централен регистар за тековна состојба, биланс на успех за 2021 година и податоци за жиро-сметка и депоненет-банка, а кој заклучок бил доставен со пропратно писмо ПП.бр.09-9/2 од 21.02.2023 година.

Комисијата за одлучување по прекршок на седница одржана на ден 06.06.2024 година орган донела прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.09-25/1, кое со пропратно писмо ПП.бр.09-25/1 од 06.06.2024 година било доставено до ПЗУ-Лабораторија за молекуларна дијагностика „Лаор" Тетово. На седница одржана на ден 31.01.2025 година орган донел конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.09-6/1, кое со пропратно писмо ПП.бр.09-6/2 од 31.01.2025 година било доставено до ПЗУ-Лабораторија за молекуларна дијагностика „Лаор" Тетово.

Од друга страна на барање на ПЗУ-Лабораторија за молекуларна дијагностика „Лаор" Тетово, во просториите на Комисијата за заштита на конкуренцијата бил одржан состанок на ден 07.02.2025 година за повторно детално објаснување во однос на потребата да ги достави бараните податоци со Заклучок ПП бр.07-29/2 од 03.03.2022 година, за да дури на ден 11.02.2025 година ПЗУ-Лабораторија за молекуларна дијагностика „Лаор" Тетово, преку својот полномошник доставил писмено произнесување во врска со конечното известување за утврдена фактичка состојба и во прилог биле доставени сите податоци и документи побарани со заклучкот, а било доставено и уредно полномошно за застапување на адвокатот.

Комисијата за одлучување по прекршок по прибавувањето на потребните податоци и документи донела Решение ПП бр 09-6/4 од 05.03.2025 година со кое во точка 1 се утврдува дека во постапка поведена по службена должност со Заклучок ПП.бр.09-9/1 од 02.02.2023 година против ПЗУ-Лабораторија за молекуларна дијагностика „Лаор" Тетово, истото правно лице е одговорно заради доставување нецелосни податоци кои можат да ја донесат во заблуда Комисијата за заштита на конкуренцијата и Комисијата за одлучување по прекршок, односно дека ПЗУ-Лабораторија за молекуларна дијагностика „Лаор" Тетово сторил прекршок од член 61 став 1 точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата. За сторениот прекршок од точка 1 од ова решение на сторителот ПЗУ-Лабораторија за молекуларна дијагностика „Лаор" Тетово му се изрекува глоба во износ од 60.000,00 денари, што претставува приближно 0,26% од вредноста на вкупниот годишен приход на ПЗУ-Лабораторија за молекуларна дијагностика „Лаор" Тетово остварен во 2023 година, како последна деловна година за која претпријатието има составена годишна сметка, која е должен да ја плати во рок од 30 дена од енот на правосилноста на решението и да достави доказ од извршената уплата на глобата

во рок од 15 дна од извршената уплата. Ненавремената глоба или ненаремено платената глоба ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

Незадоволен од вака донесеното решение, ПЗУ-Лабораторија за молекуларна дијагностика „Лаор“ Тетово, повел управен спор.

Управниот суд со Пресуда УПРК.бр.3/2025 од 10.06.2025 година тужбата на тужителот на Приватна здравствена установа-Лабараторија за молекуларна дијагностика ЛАОР Тетово, поднесена против Решението ПП бр 09-6/4 од 05.03.2025 година на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, ја одбил како неоснована. Истовремено судот со решение барањето на тужителот за надомест на трошоците по постапката го одбил како неосновано.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита и со истата не е повреден законот на штета на тужителот.

Согласно член 3 став 2 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ број 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.208/24 и 16/25) Овој закон се применува на: претпријатија, здруженија на претпријатија, поврзани претпријатија, државна управа.

Согласно член 5 став 1 алинеја 1 и 5 од истиот закон "претпријатие" е секој вид на деловен потфат без оглед на тоа како е организиран и од кого е воден (трговско друштво, трговец поединец, задруга, здружение на претпријатија и др.), слободните професии (адвокати, лекари, архитекти, сметководители, нотари и др.), јавните претпријатија основани заради вршење на дејности од јавен интерес како и секое друго правно или физичко лице, установа и друго правно и физичко лице кое има јавни овластувања или орган на државна управа што е ангажиран во водењето на некоја економска активност, без оглед на тоа дали се сметаат за трговци или не. Економска активност" е промет на стоки и/или услуги на пазарот без оглед на тоа дали целта на таквиот промет е остварување на добивка или не.

Согласно член 48 став 1 од истиот закон, Ако постојат околности кои укажуваат на можноста конкуренцијата да биде нарушена, Комисијата за заштита на конкуренцијата може да спроведе истражување во определен сектор на економијата или за определен вид на договори во различни сектори на економијата. Согласно став 2, Во текот на истражувањето, Комисијата за заштита на конкуренцијата може со заклучок да побара од претпријатијата да достават податоци во врска со нивната економско финансиска состојба, нивните деловни односи и врски, податоци за нивните статути и одлуки, за бројот и идентитетот на лицата засегнати со таквите одлуки, како и други податоци од значење за истражувањето. Согласно став 3, Заклучокот од став (2) од овој член содржи правен основ, цел на барањето, точно назначување на податоците кои се бараат и рокот за доставување на бараните податоци, како и тоа дека недоставување на информации во бараниот рок или доставување на неточни, нецелосни или податоци кои можат да ја доведат во заблуда Комисијата за заштита на конкуренцијата претставува прекршок, согласно член 61 од овој закон. Согласно став 4, Против заклучокот од став (2) од овој член не е дозволена жалба, ниту тужба за поведување на управен спор. Согласно став 5, Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата може врз основа

на податоците прибавени со истражувањата од став (1) од овој член да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до Комисијата за одлучување по прекршок. Согласно став 6, Доколку некои од податоците од став (2) од овој член претставуваат деловна тајна, претпријатијата од став (2) од овој член се должни истите јасно да ги означат и да го назначат правниот основ за нивното означување како деловна тајна. Согласно став 7, При доставувањето на податоци кои претставуваат деловна тајна, претпријатијата од став (2) од овој член се должни до Комисијата за заштита на конкуренцијата да доставаат еден примерок со вклучени податоци кои претставуваат деловна тајна (доверлива верзија) и еден примерок во кој ќе бидат избришани податоците кои претставуваат деловна тајна (недоверлива верзија). Согласно став 8, Доколку претпријатијата од став (2) од овој член не постапат согласно став (7) од овој член и доставaт само доверлива верзија на бараните податоци, со означување на податоците кои претставуваат деловна тајна, Комисијата за заштита на конкуренција ќе побара доставување и на недоверливата верзија на бараните податоци во рок од 3 дена од денот на приемот на податоците. Доколку претпријатијата во тој рок не доставаат недоверлива верзија на бараните податоци, Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе смета дека доставените податоци не содржат податоци кои претставуваат деловна тајна.

Согласно член 61 став 1 точка 2 од истиот закон Комисијата за одлучување по прекршок, на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 1% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка, ако: достави неточни, нецелосни или податоци кои можат да ја доведат во заблуда Комисијата за заштита на конкуренцијата или Комисијата за одлучување по прекршок, а во смисла на член 40, член 48 и член 49 од овој закон.

Согласно член 64 став 1 од истиот закон, При одмерување на глобата во предвид се земаат:1) тежината на прекршокот;2) времетраењето на прекршокот и3)степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани со прекршокот.

Согласно став 2 од истиот член , Комисијата за одлучување по прекршок, при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности. Согласно став 3, Основниот износ на глобата по правило изнесува најмногу до 30% од приходот на сторителот на прекршокот остварен од дејноста која се врши на релевантниот пазар на кој е сторен прекршокот во последната целосна деловна година во која сторителот на прекршокот учествувал во истиот. Вака определениот износ се множи со бројот на годините во кои траел прекршокот. Согласно став 4, Износот определен во согласност со став (3) од овој член се прилагодува со земање предвид на олеснителни или отежнителни околности, како резултат на што истиот може да биде намален или зголемен.

Согласно член 66 од истиот закон Прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат: - три години за прекршоците од членот 61 на овој закон и - пет години за прекршоците од членовите 59 и 60 на овој закон. (2) Роковите за застареност почнуваат да течат од денот на сторување на прекршокот. Ако се работи за продолжен или повторен прекршок, роковите за застареност почнуваат да течат од денот кога прекршокот престанал. (3) Изречената прекршочна санкција не може да се изврши ако од денот на правосилноста на

решението со кое се утврдува постоење на прекршок поминат две години. (4) Застареност на прекршочното гонење и застареност на извршување на прекршочната санкција настанува во секој случај кога ќе измине двапати онолку време колку што според законот се бара за застареност на прекршочното гонење, односно за застареност на извршувањето на прекршочната санкција.

Вишиот управен суд најде дека и тужениот орган во постапката, и Управниот суд на целосно и правилно утврдена фактичка состојба правилно ги примениле горе наведените законски одредби.

Во конкретниов случај правилно е утврдено дека тужителот го сторил прекршокот кој му се става на товар, а предвиден во членот 61 став 1 точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата. Тужителот дури по доставувањето на конечното известување за утврдена фактичка состојба, во целост ги доставил бараните податоци со Заклучок ПП.бр.07-29/2 од 03.03.2022 година, односно дури на ден 11.02.2025 година ПЗУ-Лабораторија за молекуларна дијагностика „Лаор“ Тетово, преку својот полномошник доставил писмено произнесување во врска со конечното известување за утврдена фактичка состојба и во прилог ги доставил сите податоци и документи побарани со заклучкот.

Од друга страна правилно тужениот орган за сторениот прекршок му изрекол прекршочна санкција глоба во износ од 60.000,00 денари, која бил задолжен да ја плати во рок од 30 дена од правосилноста на решението. Тужениот орган при одмерување на глобата одлучил да го примени член 64 став 4 од Законот за заштита на конкуренцијата каде што е предвидено при што износот на глобата одлучил да го намали земајќи како олеснителна околност дека тужителот ги доставил бараните податоци.При одмерување на глобата органот ја имал во предвид вредноста на вкупниот годишен приход на тужителот соодветно остварен во 2023 година, како последна деловна година за која тужителот има составено годишна сметка и прикажано приход Имајќи ги предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, тужениот орган основниот износ на глобата го утврдува во висина од 0.26% од вкупно прикажаниот приход од 23.083.177 денари, па оттука глобата изнесува 60.000,00 денари.

Вишиот управен суд при одлучување ги ценеше наводите на тужителот изнесени во жалбата дека нецелосно е утврдена фактичката состојба, дека се сторени суштествени повреди и дека е неправилно применет материјалниот закон, односно дека не му биле доставени докази со одговор на тужба, дека се изведеле докази кои не биле предложени во одговор на жалба, а должен бил судот согласно членот 33 став 4 од Законот за управните спорови да ги достави до тужителот, дека не било јасно утврдено кои податоци органот ги барал од тужителот, дека не бил сослушен предложениот сведок на околност дека барањата на тужениот орган за достава податоци биле нејасни, како и дека постои застареност на водење на прекршочната постапка согласно член 61 од Законот за заштита од конкуренцијата.

Овој суд исто така при одлучувањето ги ценеше наводите изнесени во одговор на жалба од страна на тужениот орган кој укажа дека судот правилно и целосно ја утврдил фактичката состојба, дека не се работи за посебни докази доставени во одговор на тужба, туку се доставуваат списи од страна на органот за текот на водење на постапката, а со доказите кои се изведени од страна на судот

тужителот е запознает, дека податоците се побарани согласно законот, па органот имал предвид дека дополнително тужителот ги доставил, што се зело како олеснителна околност при одмерување на глобата. Во однос на примена на институтот застареност укажа на примена на членот 66 став 4 од Законот за заштита од конкуренција од каде произлегува дека нема застареност.

Овој суд најде дека жалбените наводи на тужителот се неосновани и не се основ за донесување на поинаква одлука од страна на овој суд, а во ситуација кога не се сторени суштествени повреди на постапката, целосно е утврдена фактичката состојба и првилно е применет материјалниот закон, дотолку повеќт што тужителот не оспори дека дополнително ги доставил бараните докази до тужениот орган.

Вишиот управен суд одлучи како во изреката на одлуката согласно член 80 став 1 од Законот за управните спорови.

Пресудено во Виш управен суд на ден 14.1.2026 година под УПРЖ.бр.168/2025.

Записничар - помлад судски соработник
Мартин Толев с.р.

Претседател на совет - Судија
Виолета Илиевска с.р.

/АН

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВИШ УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
GJYKATA E LARTË ADMINISTRATIVE
SHKUP
Верноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник